Врз основа на членовите 112 и 172 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018) Наставничкиот Совет на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст) распишува

**КОНКУРС**
**за избор на наставник во сите наставни звања**

1. Еден наставник во сите наставни звања од наставно-научната област: компјутерски науки 1.02.00.01 и информациски науки 1.02.00.02 и

2. Еден наставник во сите наставни звања од наставно-научната област: информациски науки 1.02.00.02

3. Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат условите од членот 169, од Законот за високото образование, да имаат објавено стручни или научни трудови и да имаат работно искуство во работите во својата струка.

4. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават во копија заверена на нотар следните документи:
   - Дипломи или уверенија за завршено соодветно образование од прв и втор циклус со просек 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (решение за нострификација и еквиваленција, ако образованието е стекнато во странство)
   - Биографија
   - Листа од стручни или научни трудови објавени во публикации.

5. Распоред на работно време
   - Дневно работно време со почеток помеѓу 7:30 и 8:30 и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30
   - Неделно работно време – 40 работни часа (понеделник-петок)

6. Потребните документи кандидатите треба да ги достават во рок од пет работни дена во просториите на Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје на адреса "Васил Ѓоргов" бр.19, 1000 Скопје.

7. Изборот ќе се изврши во рокот предвиден во член 172 од Законот за високото образование (до 6 месеци од денот на објавување на конкурсот).

Некомплетните и ненавремени документи нема да се разгледуваат.

**Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**
**Наставнички Совет**

**Директор**